Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 14.10.2022

Денеска (14.10.2022) во периодот од 05.40 до 06.30 часот на подрачјата на ЕВР Центар и Бит Пазар и ЕВР Чаир, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Ш.(40), Ф.В.(26) и В.Р.(20), сите од Скопје. Тие се сомничат дека со уште две лица извршиле повеќе кривични дела „тешка кражба" во куќи, станови и правни лица на подрачјето на Скопје. По наредба на судија на претходна постапка од Основен кривичен суд Скопје, полициски службеници од СВР Скопје во координација со Одделот за криминалистичка полиција при МВР извршиле претреси на пет локации во Скопје. При претрес во домот на А.Ш. биле пронајдени и одземени пиштол „глок 19" со четири рамки и 33 куршуми калибар 9мм, ремен од автоматска пушка, ласерски нишан за пиштол и други предмети поврзани со кривичните дела. Додека при претреси во домовите на Ф.В. и В.Р. биле пронајдени и одземени повеќе часовници од познати брендови и други предмети за кои постоои сомнение дека потекнуваат од кривичните дела. Лицата биле приведени во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случаите против нив ќе бидат поднесени соодветни кривични пријави по член 236 и член 396 од Кривичниот законик.

На 13.10.2022 во 18.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода А.Р.(20) од Куманово. Тој се сомничи дека во текот на денот на улицата „Ленинова" во Куманово извршил кражба на паричник од А.С.. Одземениот предмет бил пронајден и вратен на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.10.2022 во 21.10 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.С.(24) од Струмица, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.10.2022 во 12.30 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", по извршена проверка било констатирано дека возилото „мерцедес", со германски национални ознаки, кое го управувал Б.Ф.(45) од Косово, се наоѓа во оперативната евиденција по барање на Интерпол. Возилото било одземено, а Б.Ф. бил приведен во Полициската станица Чаир за понатамошна постапка.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (13.10.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 119 мерки, меѓу кои за минување на затворен сигнал (црвено светло) 13, осум санкции за возење без возачка дозвола, пет мерки за користење мобилен телефон, пет санкции за некористење сигурносен појас, четири мерки за возење под дејство на алкохол, три санкции за нерегистрирани возила...

Во текот на вчерашниот ден (13.10.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 130 возачи. Од нив девет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа 53 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 77 надвор од населено место.

СВР Штип во текот на вчерашниот ден (13.10.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На подрачјето на СВР Штип изречени се вкупно 30 мерки, меѓу кои за возење повеќе од од дозволената брзина 8 санкции, 4 мерки за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 1 возач почетник, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 2 некористење сигурносен појас, 4 прекршоци сторени од пешаци и 8 за непропрасно паркирање.

На 13.10.2022 во 16.20 часот во Полициската станица Карпош, М.Н.(42) од Скопје пријавила дека на бул.„8 Септември" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 13.10.2022 во 17.30 часот во СВР Тетово, Ј.К.(70) од Тетово пријавил дека на улица „Маршал Тито" во Тетово бил каснат од куче скитник.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Р.М(43) од Струга и М.Р.(22) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При контрола извршена на улицата „Владо Малески" во Струга, полициските службеници ги затекнале пријавените при купопродажба на кокаин.

На 13.10.2022 околу 23.30 часот во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје - Полициско одделение Шуто Оризари го лишиле од слобода Б.И. од Скопје, затоа што предизвикал пожар во неговата куќа на ул.„Индира Ганди", која целосно изгорела. Од пожарот делумно бил зафатен и дел од куќа и дуќан, сопственост на Р.М. од Скопје. Б.И. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Г.К.(31) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 23.08.2022 на ул.„Кузман Јосифоски" во Прилеп, пријавениот бил затекнат како врши јавен превоз на патници со патничко возило „мерцедес" без да поседува важечка лиценца за вршење на јавен превоз на патници, издадена од надлежен орган на државната управа, односно од Министерството за транспорт и врски.

На 13.10.2022 во 22.20 часот на ул.„Македонско-косовска бригада" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Е.А.(22), Н.И.(22) и Д.А.(20), сите од Скопје, затоа што околу 21.50 часот на ул.„Шуто Оризари" физички ги нападнале И.М.(30) и Р.М.(21), двајцата од Скопје. На местото на настанот бил пронајден остар предмет. Лицата биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.10.2022 во 01.50 часот на ул.„Франклин Рузвелт" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје - Полициска станица Карпош ги лишиле од слобода Х.Т.(25) и М.А.(25), двајцата од Скопје, затоа што агресивно се однесувале и спречувале полициски службеници при извршување на службени дејствија. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.10.2022 во 07.54 часот во СВР Скопје било пријавено дека на „бул.8 Септември" настанал пожар во товарно возило во движење „ивеко", со скопски регистарски ознаки, сопственост на ЈП „Комунална хигиена", управуван од вработениот А.К.. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Р.С.(37) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање на промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 18.03.2022 на бул.„Александар Македонски", полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

На 13.10.2022 во 17.10 часот во Полициската станица Драчево, М.Ј.Н.(44), И.Ј.(54) и Е.Р.(61), сите од Скопје, пријавиле дека на 12.10.2022 околу 22.10 часот нивните три малолетни деца биле физички нападнати од неколку деца, од кои некои ги познавале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Е.М.(36) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „насилство" и „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 20.08.2022 околу 01.00 часот на бензинска пумпа во Кочани, пријавениот физички нападнал три лица, а по пристигнување на полициските службеници физички нападнал и еден од нив.

На 13.10.2022 во 16.56 часот во СВР Скопје, М.С.(35) од Скопје пријавил дека на подрачје на Гази Баба бил повреден во нога од огнено оружје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Р.Ч.(20) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 24.03.2022 во кругот на средното училиште во Кичево бил извршен преглед кај пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет